ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Општина Штип

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметка на основен буџет- 630

**Цел на ревизијата:** Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со релевантната законска регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**

- невоспоставени контроли и неусогласени бази на обврзници кои влијаат на целосната наплата на приходите;
- нецелосна наплата на даноците, таксите и надоместоци,
- издавани одобренија за промена на инвеститор во случаи кога е во важење договор за отуѓување на градежно неизградено земјиште кој не е исполнет;
- неусогласеност помеѓу сметководствената и даночната евиденција на побарувањата,
- значаен износ на застарени побарувања за кои не се преземени активности за наплата а за дел од остварените приходи не се евидентираат побарувања.

**Издадено мислење*:**

неповолно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со законската регулатива.

**Клучни препораки:**

- воспоставување контроли и континуирано усогласување на базите на обврзници
- пресметување и наплата на сите даноци, такси и надоместоци
- издавање на опомени за неплатените побарувања и пресметување и наплата на камата
- воспоставување механизми за почитување на одредбите од склучените договори од страна на купувачите на градежното земјиште.

**Клучни системски слабости:**
Слабости во Законот за комунални такси кај тарифните броеви 9 и 10 комунална такса за користење на улици и патишта и одржување јавно осветлување.
Слабости во Законот за даноците на имот за усогласување на состојбата на регистарот на недвижности на општините со регистарот кој го води АКН на РСМ

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:** Не се добиени забелешки на Нацрт Извештајот на овластениот државен ревизор број 26-121/9 од 07.09.2022 година.

*** позитивно, со резерва, неповолно, воздржување**

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk